**ФОРМУЛАР**
**ЗА ПРЕДДОГОВОРНИ ИНФОРМАЦИИ (ПОДАТОЦИ) ЗА ПОНУДЕНИТЕ КРЕДИТНИ УСЛОВИ ЗА Mastercard World haPPy Card КОБРЕНДИРАНА КАРТИЧКА**

1. **Податоци за кредиторот/кредитниот посредник**

| | **ПОДАТОЦИ ЗА КРЕДИТОРОТ** | |
|---|---|---|
| | **Колона 1** | **Колона 2** |
| 1. | Назив на кредиторот | **НЛБ Банка АД Скопје** |
| 2. | Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | **Ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје** |
| 3. | Број на телефон* | |
| 4. | Електронска пошта* | |
| 5. | Факс* | |
| 6. | Интернет страница* | **www.nlb.mk** |

*Овие информации не се задолжителни за кредиторот/кредитниот посредник

2. **Податоци за кредитниот производ**

| | **Колона 1** | **Колона 2** |
|---|---|---|
| 7. | Вид на кредитот | **Лимит на кредитна картичка** |
| 8. | Вкупен износ на кредитот којшто вклучува:<br>- валутата во која е изразена главницата или за која е поврзана главницата,<br>- вкупен износ во денари, за кредитите одобрени во денари,<br>- вкупен износ во странска валута, за кредитите одобрени во странска валута<br>- вкупен износ на денари како противвредност на странска валута, за кредитите со валутна клаузула<br>- девизниот курс по кој ќе се врши исплатата на кредитот (доколку е применливо)<br>- девизен курс по кој ќе се врши наплатата на кредитот (доколку е применливо). Се наведува висината на девизниот курс на денот на изготвување на формуларот. При ануитетска отплата на кредитот (на рати) висината на девизниот курс за поодделните рати може да се разликува | МКД<br><br>__________ МКД |
| 9. | Услови за искористување на кредитот (како и кога ќе се се врши исплата на средствата врз основа на кредитот) | Средствата од кредитниот лимит може да се користат сукцесивно, на неколку наврати во рамки на траењето на договорот за кредитна картичка, а по комплетирање на договорната документација и комплетирање на докомунтацијата поврзана со обезбедувањето, |
| 10. | Траење на договорот за кредит | Договорот се склучува на неопределено време |
| 11. | Износ на поединечните плаќања, и онаму каде е соодветно за видот на кредитот, број на ратите, динамика или редоследот на пристигнување на ратите коишто треба да се платат | • **5% минимален месечен износ на отплата**<br>• **10% минимален месечен износ на отплата**<br>• **Отплата во целост**<br><br>**Пр. за Master World Happy Card**<br>○ **Износ 20.000,00**<br>○ **Вкупна камата 3.768,00 мкд** |
| 12. | Гаранции за кредитот, доколку е применливо<br>(опис на инструментот за обезбедување којшто се бара од потрошувачот за склучување договор за потрошувачки кредит) | **Административна забрана (доколку е потребно)**<br>**меница(доколку е потребно)**<br>**Гарант/и (доколку е потребно)** |
| 13. | Обврска за склучување договор за дополнителни услуги, доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето | **Информацијата не е соодветна за овој тип на продукт** |

3. **Податоци за трошоците за кредитот**

| | **Колона 1** | **Колона 2** |
|---|---|---|
| 14. | Вид на каматната стапка<br><br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен на потрошувачот да му го соопшти видот на каматната стапка и да му даде објаснување што означува таа каматна стапка, како и периодите, условите и постапка за промена на каматната стапка<br>Кредиторот/кредитниот посредник е должен да го информира потрошувачот дали за промената на каматната стапка е потребна согласност од потрошувачот<br><br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | Варијабилна пресметана како збир од каматната стапка на основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народна Банка на Република Северна Македонија (каматна стапка на благајнички записи), што важи на последниот ден од полугодието што му претходи на тековното полугодие и фиксен додаток од **8** процентни поени на годишно ниво. Усогласувањето на каматната стапка ќе се врши на шестмесечна основа и тоа на 1 јануари и на 1 јули секоја година согласно измената на каматната стапка на благајнички записи која ја објавува НБРСМ, а која е со важност на 30.06 односно 31.12. При формирање и пресметување на каматната стапка за периодот од датумот на склучување на овој Договор до датумот на првото усогласување на каматната стапка ќе се применува каматна стапка на благајничките записи која што е во важност на 30.06, доколку датумот на склучување на Договорот е во периодот од 01.07 до 31.12. или каматна стапка на благајничките записи која што е во важност на 31.12. доколку датумот на склучување на Договорот е во периодот од 01.01 до 30.06. Доколку промената на каматната стапка на благајнички записи доведе до промена на каматната стапка, за висината на новата каматна стапка, Банката ќе го извести Корисникот на кобрендирана картичка на еден од следните начини: е-маил адреса, извод од сметка, електронско банкарство, писмено известување на контакт адресата или преку друг траен медиум. Во случај да каматната стапка биде повисока од законската казнена камата, Банката ќе пресметува и наплаќа каматна стапка во висина на законска казнена камата. |
| 15. | Висина на договорената каматна стапка (изразена во % на годишна основа)<br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, овие информации се наведуваат за секоја каматна стапка | **14% годишно** Варијабилна каматна стапка составена од каматна стапка на благајнички записи и фиксен додаток од 8 процентни поени на годишно ниво<br><br>Каматната стапка е пресметана на денот на предавање на овој формулар |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Годишна стапка на вкупни трошоци (СВТ) изразена во % на годишно ниво претставена преку репрезентативен пример.<br><br>При пресметката на СВТ кредиторот не го вклучува износот на трошоците кој не му е познат, но е должен тоа јасно да го наведе<br><br>Вкупен износ што го плаќа потрошувачот (збир на кредитот и вкупните трошоци за кредитот, односно сите трошоци, вклучувајќи камати, провизии, други надоместоци, кои потрошувачот треба да ги плати при одобрувањето и редовна отплата на кредитот и кои му се познати на кредиторот, освен нотарските трошоци, а со вклучување на трошоците за дополнителни услуги поврзани со договорот за кредит, доколку користењето дополнителни услуги е задолжително за одобрување на кредитот или за негово одобрување под назначените услови и доколку му се познати на кредиторот), | **Информацијата не е соодветна за овој тип на кредит** |
| 17. | Трошоци за склучување договор за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит (како на пример договор за осигурување), доколку склучувањето на таквиот договор е задолжително за добивање на кредитот или за добивање на кредитот согласно со условите од рекламирањето, доколку е применливо<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, е должен тоа јасно да го наведе<br><br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | **Информацијата не е соодветна за овој тип на продукт** |
| 18. | Нотарски трошоци што ги плаќа потрошувачот при склучување на договорот, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Овие трошоци не се вклучени во пресметаната СВТ. | **Информацијата не е соодветна за овој тип на продукт** |
| 19. | Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат, доколку е применливо.<br><br>Доколку на кредиторот, односно кредитниот посредник не му е позната висината на овие трошоци, е должен тоа јасно да го наведе.<br><br>Кредиторот, односно кредитниот посредник е должен да наведе дали овие трошоци се вклучени во пресметаната СВТ | Трошоци:<br>Еднократен трошок за достава на картичка по пошта од 50 денари.<br>трошок за одобрено зголемување на кредитен лимит по барање на Корисникот на кредитна картичка – 200,00 денари;<br>Еднократен трошок за апликација од 300,00 мкд<br>Трошок за годишна членарина изнесува 900,00 мкд за основната и по 600, мкд за секоја дополнителна картичка<br>кои трошоци се утврдени во Одлуката за тарифа на надоместоци на услуги на НЛБ Банка АД Скопје објавена на веб страната на Банката, важечка на денот на издавање на картичката, и истите се променливи согласно актите на деловна политика на Банката.<br><br>Корисникот на картичка изјавува дека е согласен на Банката да и ги надомести, покрај сите обврски од овој Договор, и сите трошоци и давачки кои Банката ќе ги направи за заштита на своите права настанати поради неисполнување на одредбите предвидени со овој Договор. Вклучувајќи ги, но неограничувајќи ги, како трошоци од овој став се сметаат направените нотарски, извршителски, адвокатски или судски трошоци, во висина предвидена со официјални тарифи на овластените субјекти кои ги спроведуваат постапките, како и трошоци за опомени за неплатен долг по картичка, известувања за неплатен долг, известување до должник пред отпочнување судска постапка, останата писмена комуникација, опомени и известувања како и други провизии, надоместоци и трошоци согласно важечка Одлуката за тарифа на надоместоци на услуги што ги врши НЛБ Банка АД Скопје, објавена на веб страната на Банката.<br>Сите трошоци, надоместоци и провизии поврзани со овој Договор се променливи согласно актите за деловна политика на Банката. Доколку во текот на траењето на овој Договор дојде до промена на нивната висина, договорните страни се согласни, измените да се применуваат од денот на стапување на сила на овие измени, за што Банката ќе го извести Корисникот на картичка во писмена форма или преку друг траен медиум. |
| 20. | Каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања, изразена во % на годишна основа, услови за нејзина промена<br><br>Предупредување за последиците од неплаќање на ратите | Банката му овозможува на Корисникот на кредитната картичка бескаматен период (15 дена од датумот на завршување на пресметковниот период наведен во месечниот извештај) за плаќање на обврските прикажани во месечниот извештај, кој период е променлив согласно Одлука на Банката. Во случај на промена на бескаматниот период, Банката за истото ќе го извести Корисникот на кредитната картичка во месечниот извештај. По завршувањето на бескаматниот период обврските на Корисникот на кредитната картичка прикажани во месечниот извештај, Банката ќе ги смета за доспеани. Доколку Корисникот на кредитната картичка не ги подмири доспеаните обврски во бескаматниот период, Банката ќе му пресметува законска казнена камата од денот на доспевање на побарувањата сѐ до нивното целосно подмирување.<br>Банката му овозможува на Корисникот на картичка бескаматен период за плаќање на вкупните обврски од тековниот месец наведени во соодветниот месечен извештај доколку истите целосно бидат подмирени до датумот за подмирување назначен во месечниот извештај (секој петнаесетти во месецот). Доколку Корисникот на картичка не ги подмири целосно вкупните обврски од тековниот месец до назначениот датум за плаќање во месечниот извештај (секој петнаесетти во месецот), Банката на недоспеаните обврски ќе му пресмета револвинг камата почнувајќи од првиот ден од следниот месец, се до нивно целосно измирување.<br>Казнената камата се пресметува во висина од **14**% и истата претставува збир од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народна Банка на Република Северна Македонија (референтна каматна стапка), што важи на последниот ден од полугодието што му претходи на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени. Каматната стапка се определува на секое полугодие, односно два пати годишно на 01.01 и 01.07 согласно измената на каматната стапка на благајнички записи која ја објавува НБРСМ, а која е со важност на 30.06 односно 31.12.<br><br>Во случај на задоцнето плаќање, Корисникот на картичка неотповикливо ја овластува Банката, за отплата на доспеаните обврски по овој Договор, во име и за сметка на Корисникот на картичка, да ги употреби постоечките средства на Корисникот на картичка во Банката по сите основи или |

| | | |
|---|---|---|
| | | тековните и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката.<br>Доколку Корисникот на картичка не ги исполнува навремено обврските по основ на Договорот, Банката има право да го раскине Договорот, да го укине кредитниот лимит, да бара предвремена отплата на обврските по овој Договор, да отпочне постапка за присилна наплата, да ги искористи инструментите за обезбедување. |

**4. Останато**

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Имате право да се откажете од договорот за потрошувачки кредит, во определен рок | Корисникот на картичка има право со писмено известување или преку друг траен медиум да се откаже од овој Договор, без да ја наведе причината за откажувањето, во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на склучување на овој Договор или од денот кога Корисникот на картичка ги има добиено информациите и условите од овој Договор согласно закон доколку тој ден е подоцна од склучувањето на договорот.<br>Во случај на откажување од Договорот, Корисникот на картичка треба на Банката да и ја плати главнината и каматата за периодот од искористување на кредитниот лимит до денот на плаќање на главнината веднаш но не подоцна од 30 (триесет) дена од денот на доставување на известувањето за откажување на договорот од Корисникот на картичка до Банката. Банката има право на надоместок на неповратните трошоци платени во врска со овој договор кон јавни или државни органи. |
| 22. | Имате право на целосна или делумна предвремена отплата на кредитот, а кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ја соопшти висината на<br>надоместокот кој треба да го платите и начинот на неговото одредување | Корисникот на картичка има право пред време да ги подмири обврските по основ на Договорот без дополнителни трошоци. |
| 23. | Раскинување на договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Кредиторот/кредитниот посредник е должен да ви ги соопшти правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит) | Корисникот на кредитната картичка има право во секое време да го раскине овој Договор со доставување на писмено известување до Банката. Доколку Корисникот на кредитната картичка го откаже овој Договор, Банката ќе ги доспее сите обврски по основ на користењето на картичките по што Корисникот на кредитната картичка е должен веднаш да ги подмири истите.<br>Со раскинувањето на овој Договор, по автоматизам се откажува/ат основната и дополнителните картички и Корисникот е должен веднаш да ги врати во Банката лично или со препорачана пошта.<br><br>Банката има право еднострано да го раскине Договорот и да бара предвремена наплата на побарувањето по претходно известување во писмена форма или преку друг траен медиум на Корисникот на картичка со кое го повикува во рок од 15 (петнаесет) дена да ги исполни обврските по Договорот, во следните случаи, односно доколку:<br>-Кредитоспособноста на корисникот на картичка е во голема мера влошена, по оценка на Банката;<br>-Корисникот на картичка кај други доверители има неизмирени обврски по било кој основ, во износ кој не е способен да го плати подолг временски период односно е презадолжен;<br>-Се утврди дека податоците од доставената административна забрана (доколку има) на Корисникот на картичка се неточни, непостоечки поради што истата не може да се активира;<br>-Корисникот на картичка дал неточни податоци во склучениот Договор;<br>-Корисникот на картичка ја користи картичката над дозволениот<br>лимит;<br>-Корисникот на картичка не ги почитува одредбите од овој Договор и навремено не ги подмирува обврските, по било кој основ, од Договорот;<br>-Банката била доведена во заблуда при одобрување на кредитниот лимит или има информација за судска постапка или спор, кој се води против и во врска со Корисникот на картичка, а кој би можел да ја загрози можноста на Банката за наплата на своите побарувања. |
| 24. | Ако по поднесеното барање за кредит, барањето се одбие заради добиените информации од бази на податоци, имате право, кредиторот, односно кредитниот посредник веднаш и бесплатно да ве информира за тие информации и за начинот на кој ги прибавил информациите. Овие информации се даваат во сите случаи, освен ако давањето на информациите е забрането со закон. | Доколку барањето за кредитна картичка на Корисникот е одбиено заради добиените информации од бази на податоци, Корисникот на картичка има право да бидете навремено и бесплатно информирани за добиените информации од увидот во базата на податоци, како и за начинот на кој тие биле прибавени |
| 25. | Право на бесплатна копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит<br>(Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацрт - договорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави нацрт - договор доколку кредиторот/кредитниот посредник во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит) | Корисникот на картичка има право на негово барање, бесплатно да добие и копија од нацрт - договорот за кредитна картичка, освен доколку кредиторот во време на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за кредитна картичка. |
| 26. | Рок во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации, доколку е применливо. | Преддоговорните информации од овој формулар важат на датумот на предавање на формуларот на Корисникот на картичка. |

Датум на предавање на формуларот: __________